# Влада на Република Северна Македонија

Бр.44-2282/43
Скопје, 8 мај 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Педесеттата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 мај 2020 година**

**„ТОЧКА 1:** Записник од Четириесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 мај 2020 година

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Четириесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 мај 2020 година."

**ПРИЛОГ 1:-Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
**-сите државни институции**
**-Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
**-Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
**-стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 6 мај 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / E pranuar | 06-05-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 44 | 2282 | 43 | |

Архивски број: 08-780/43

**З А П И С Н И К**

**од Четириесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 мај 2020 година**

На 6 мај 2020 година (среда), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Четириесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за вантрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Тоше Зафиров, советник на Претседателот на Република Северна Македонија, Бљерим Кољаљи, советник на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација, не учествуваа Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

*　　　　*

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 <u>се утврди следниот Дневниот ред:</u>

<u>Точка 1:</u> Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

<u>Точка 2:</u> Прашања и предлози

*

*   *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Притоа, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, информираше дека состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата е стабилна и тековно се следат состојбите низ здравствените установи во Република Северна Македонија.
На денешниот состанок на Комисијата за заразни болести е дискутирано за дисперзија на онколошките пациенти со примање терапија во нивните градови, со цел избегнување на патувања до градот Скопје, како и за распоред за нов скрининг на пациенти по групи и приоритет за скрининг на здравствените работници, вработените лица во домовите за нега на стари лица и во детските градинки.

Воедно, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче информираше дека Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, го финализирала планот за фазно намалување/укинување на забраните и мерките донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија заради спречување на ширење на Коронавирусот COVID-19 кој по согледување на сите аспекти, критериуми и предлози

добиени од сите надлежни институции се утврдени следните мерки и активности и истиот ќе биде доставен за разгледување до Главниот координативен кризен штаб, најдоцна до 8 мај 2020 година (петок).

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб дека по разгледување на планот за фазно намалување/укинување на забраните и мерките од страна на Главниот координативен кризен штаб, истиот ќе биде разгледан и на седница на Владата, на која свое учество најавил и Претседателот на Република Северна Македонија.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи информираше дека на 15 мај 2020 година ќе пристигнат 20 респиратори добиени преку донација од Амбасадата на Кралството Норвешка.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да стапи во контакт со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во врска со Барањето за донесување на уредба со законска сила, доставено од Џевахир Гуруп, АД Истанбул, Подружница во Скопје, под бр.0306-04/46 од 30.4.2020 година, со цел реализирање на предметното Барање.**

2. Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, до Министерството за надворешни работи да ги достави Барањето од група 10 државјани на Република Северна Македонија, студенти, кои се наоѓаат во Египет, како и Барањето од група 41 државјанин на Република Северна Македонија, студенти, кои се наоѓаат во Саудиска Арабија, со цел разгледување на можностите и начините за реализирање на предметните барања.

3. Министерството за надворешни работи за наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб да информира до каде е постапката со организирање на враќањето на наши студенти од Оман во Република Северна Македонија.

4. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во период од 7.00 часот на 5.5.2020 година, до 7.00 часот на 6.5.2020 година, со Збирна табела на констатирани прекршоци, доставени од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

5. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Извештајот за спроведени инспекциски надзори (за 5 мај 2020 година), доставен од Државниот пазарен инспекторат.

6. Главниот координативен кризен штаб се инфрмираше со Дневниот извештај за извршени надзори (за 4 мај 2020 година), доставен од Државниот инспекторат за труд.

7. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај доставен од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 5 мај 2020 година.

8. **Го разгледа и не го прифати Барањето доставено од Општина Дебар, под бр. 09-361/1 од 4.5.2020 година.**

9. **Го разгледа Барањето доставено од Фондот за иновации и технолошки развој, под бр.02-1640/1 од 5.5.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.**

10. **Го разгледа Барањето доставено од Фондот за иновации и технолошки развој, под бр.02-1640/2 од 5.5.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.**

11. **Го разгледа и не го одобри Барањето за издавање на посебна дозвола за престој на странец (за лицето Евангелос Макринос), доставено од Цементарница УСЈЕ АД Скопје, под бр 03-462 од 4.5.2020 година, односно се дозволува влез на странскиот државјанин на територијата на Република Северна Македонија, доколку лицето прифати да биде спроведено во задолжителен државен карантин.**

12. **Го разгледа и не го одобри Барањето за издавање на посебна дозвола за престој на странец (за лицето Ефстатхиос Политис), доставено од Цементарница УСЈЕ АД Скопје, под бр 03-463 од 4.5.2020 година, односно се дозволува влез на странскиот државјанин на територијата на Република Северна Македонија, доколку лицето прифати да биде спроведено во задолжителен државен карантин.**

13. **Го разгледа и го прифати Барањето доставено од Дени Интернационал, Скопје и истото го проследи на понатамошно постапување до Министерството за надворешни работи и Министерството за здравство, со цел реализирање на предметното Барање.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

14. Го разгледа Известувањето за враќање на македонски граѓани од Репубика Алжир, доставено од МОНТИНГ ЕНЕРГЕТИКА ДОО Скопје, под бр.03-10/107 од 5.5.2020 година и не го прифати истото, односно, согласно Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови или конвои („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.71/2020 и 100/2020), државјаните при влез на територијата на Република Северна Македонија се спроведуваат во државен карантин.

15. Го разгледа Барањето за субвенционирање на платите на работниците опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, доставено од Стопанската комора на Македонија, под бр. 08-572/1 од 4.5.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за труд и социјална политика.

16. Го разгледа Барањето насоки доставено од Фудбалската Федерација на Македонија, под бр. 0302-1173/1 од 5.5.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел содржината наведена во овој допис да биде земена предвид при подготовката на планот за фазно намалување/укинување на забраните и мерките донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија заради спречување на ширење на Коронавирусот COVID-19, како и во најкус можен рок Министерството за здравство да достави одговор по предметното Барање.

17. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Калина Велковска од Скопје и констатира дека излез од територијата на Република Северна Македонија не е забранет.

Во овој период, согласно Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови или конвои („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/2020 и 100/2020), државјаните при влез на територијата на Република Северна Македонија се спроведуваат во државен карантин.

Оттука, до донесување на нови одлуки и мерки од страна на Владата, ќе биде потребно ова лице да го организира влезот и излезот од/на територијата на Република Северна Македонија, согласно важечките одлуки и мерки на Владата кои се во сила.

18. Го разгледа и не го одобри Барањето доставено од ЕУРОКНИТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, под број 03-17/1 од 5.5.2020 година, односно се дозволува влез на странскиот државјанин (Евангелиос Иаковакис) на територијата на Република Северна Македонија, доколку лицето прифати да биде спроведено во задолжителен државен карантин.

19. Го разгледа и го одобри Барањето доставено преку електронска пошта од Елена Стојановиќ, односно дозволи нејзиниот брат, лицето Даниел Симоновски, кој е спроведен во државен карантин во Скопје, под полициска придружба и под посебна заштитна опрема да го напушти објектот во кој е спроведен во државен карантин, поради присуство на погреб на неговиот дедо и по завршувањето на погребот да биде спроведен назад во објектот за државен карантин.

20. Го разгледа и не го одобри Барањето доставено од АЛДИНГ – ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, под бр.0301-202 од 5.5.2020 година, имајќи предвид дека Главниот координативен кризен штаб неколку пати претходно ги разгледуваше и не ги одобри и барањата доставени до GIANNVIKI ДОО, Скопје, односно согласно усвоениот Заклучок под реден бр.8 од Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 27 април 2020 година, условно е дозволен влез на странски државјанин од Република Италија на територијата на Република Северна Македонија, само доколку лицето прифати да биде спроведено во задолжителен државен карантин и имајќи предвид дека редовните работни активности можат да бидат завршени и со спроведување во објект за државен карантин, вклучително и потпишување на секаков вид на договори (како и преку размена на писма и нотарски заведени во двете држави).

21. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Давор Спасов од Виница и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доставување на насоки за постапување/одговор по предметното Барање.

22. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Наташа Неделкова и условно го одобри Барањето, доколку се достави комплетна медицинска документација на разгледување и потврдување до Министерството за здравство и доколку се потврди дека е потребно давање нега на болно лице.

23. Го разгледа Барањето за дозвола за престој во самоизолација, доставено преку електронска пошта од Пауло Мануел Да силва Маркуес и го одобри истото, односно при влез на територијата на Република Северна Македонија, имајќи ја предвид здравствената состојба на лицето, истото да биде спроведено во домашна самоизолација.

24. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Кристијан Николов и го одобри истото, односно неговата сопруга со нивното бебе, по влезот на територијата на Република Северна Македонија, да бидат спроведени во домашна самоизолација.

25. Го разгледа и го одобри Барањето за дозвола за транзит на две лица, државјани на Република Турција, низ територијата на Република Северна Македонија до Република Турција, доставено преку електронска пошта од Платанус ДОО, патничка агенција од Дубровник, Република Хрватска, а Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи да го реализираат предметното Барање.

26. Го разгледа Барањето доставено од АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија, под бр. сл-020-2020 од 29.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министертсвото за труд и социјална политика и Управата за јавни приходи.

27. Го разгледа Барањето за поддршка на секторот угостителство, доставено од Сојузот на стопански комори на Македонија, под бр.0302-082-1/20 од 5.5.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.

28. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Амбасадата на Република Турција во Република Северна Македонија до Министерството за надворешни работи, под бр.2020/32698443 – БЕ/31283881, односно Министерството за надворешни работи и Минитерството за здравство да го реализираат Барањето, согласно досега воспоставената пракса и протоколи за исти вакви случаи.

29. Го разгледа и не го одобри Барањето за измена и дополнување на Уредба со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, доставено од Граѓански независен синдикат на полицијата – Независен синдикат на шумска полиција, под бр. 04-206 од 4.5.2020 година.

30. Ги разгледа барањата доставени преку електронска пошта од група граѓански велосипедски организации и истите ги проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), со цел Министерството за транспорт и врски, во најкус можен рок да организира координативна средба со сите наведени институции и со предлагачите на оваа иницијатива, со цел заеднички да се разгледаат предлозите, да се оцени нивната оправданост, како и можностите и начинот за нивно имплементирање.

31. Го разгледа Барањето доставено преку Министерството за надворешни работи, од Гордана Илиевска од Скопје и имајќи ја предвид здравствената состојба, приложената здравствена документација и Решението за болничко лекување во странство, донесено од директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, под УП1 бр.10-66 од 4.5.2020 година, го одобри Барањето.

**Согласно ова, Министерството за надворешни работи да обезбеди непречен транзит на ова лице низ државите, до крајната дестинација Ханове́р, Република Германија, а по здравствениот третман и враќањето во Република Северна Македонија, лицето да биде спроведено во домашна самоизолација.**

*

* *

<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u> немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

* *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**